Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија

### Член 1

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20, 76/20 и 78/20), во членот 1, по точката 6. се додава нова точка 7., која гласи:

„ 7. Се забранува движење на населението на подрачјето на општина Куманово, од понеделник до петок, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден, како и се забранува движење на населението почнувајќи од 16.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник.
Забраната за движење од 3 април 2020 година (петок) започнува од 21.00 часот и трае до 6 април 2020 година (понеделник) до 5.00 часот. “

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-2416/5**
**3 април 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**